МАКЕДОНСКА АКАДЕМСКА ИСТРАЖУВАЧКА МРЕЖА
Бр. 441/1-04
10.06.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 17 став 7 Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен .Весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016 35/2018 и 198/18), во врска со член 14 став 1 алинеја 7 и член 10 став 1 алинеја 10 од Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа („Службен весник наРМ" бр.47/2011, бр.41/2014), директорот на Национална академска истражувачка мрежа МАРнет донесе

**ПРАВИЛНИК**

**За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Национална академска истражувачка мрежа МАРнет**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Национална академска истражувачка мрежа МАРнет, со архивски број 285/1-04 од 09.04.2019 година тоа:

Во Глава IV ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА Во МАРнет во член 9 во „**Сектор за општи и правни работи**" во работното место со „Реден број 22, назив на работното место –Раководител на сектор за општи и правни работи, во делот „Вид на образование" по зборовите „**Правни науки**" се додаваат зборовите „**Економски науки**".

**Член 2**

Во Глава IV ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА Во МАРнет во член 9 во „**Сектор за општи и правни работи**" во работното место со „Реден број 23, назив на работното место –Помошник раководител на сектор за општи и правни работи,во делот „Вид на образование" по зборовите „**Правни науки**" се додаваа зборовите „**Економски науки"**

**Член 3**

Во Глава IV ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА Во МАРнет во член 9 во „**Сектор за општи и правни работи**" во Одделение за односи со јавност, во работното место со „Реден број 30, назив на работното место –Раководител одделение на односи со јавност, во делот „Вид на образование" по зборовите „**Правни науки**" се додаваат зборовите **Наука за јазикот (лингвистика)**.

**Член 4**

Во Глава IV ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА Во МАРнет во член 9 во „**Сектор за општи и правни работи**" во Одделение за односи со јавност во работното место со „Реден број 32, назив на работното место –Помлад соработник за настани и активности,во делот „Вид на образование" по зборовите „**Правни науки**" се додаваат зборовите **Наука за јазикот (лингвистика)**.

**Член 5**

Во Глава IV ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА Во МАРнет во член 9 во „**Сектор за општи и правни работи**“ во Одделение за јавни набавки, во работното место со „Реден број 33, назив на работното место – Раководител на одделение за јавни набавки, во делот „Вид на образование“ по зборовите „**Правни науки**“ се додаваат зборовите „**Економски науки”**

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Директор**
**М-р Сашко Мукаетов**